СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од првото продолжение на XXXVII седница на Собранието на Република Македонија одржана на 20.04.1992 година

Скопје, април 1992 година

ДИСКУТАНТИ ОД 37-та СЕДНИЦА (1 ПРОДОЛЖЕНИЕ)
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ОДРЖАНА НА 20.04.1992 ГОДИНА

1. АНДОВ СТОЈАН - 1,7
2. БОШКОВ ЈОРДАН - 1,8
3. КЉУСЕВ НИКОЛА - 9
4. ПЕТРОВ ТОДОР - 2
5. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 7,9

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ од првото продолжение на XXXVII седница на Собранието на Република Македонија одржана на 20.04.1992 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неја раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Јаким Ивановски, Симеон Наумовски, Димитар Поповски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се и присуствуваат: Претседателот на Република Македонија, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Продолжуваме со претрес по предлогот на пратеничката група на СДСИ за донесување одлука за распишување на избори за пратеници на Собранието и за избор на претседател на Републиката.

Молам кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, го ценам присуството на поканетите, посебно, затоа што еден од мотивите да се прекине седницата пред неполни 6 денови беше токму тоа што немавме присуство на Владата и на претседателот на Републиката. Сега тоа гледам дека е

обезбедено.

Од друга страна, за мене дојде до колизија со традицијата на овие простори. Јас ценам дека сепак сме втемелени во православието и бидејќи од вчерашен ден Цветници во 1992 година до Велигден по мое видување не би било пожелно да има големи рсправи и јас предложив да се одложи разгледувањето на предлогот на пратеничката група СДСН, без да навлегувам во тоа што тој содржи, колку е заснован и колку има во него неточности.

Мислам дека ние сепак се стремиме кон статус на независност, да бидеме меѓународно признаени, но се прашувам кога веќе во Европа има некакви норми, а тие се однесуваат и на работата на парламентите како ние мислиме да ги кршиме тие норми. Работењето во текот на оваа седмица до Велигден сметам дека ги нарушува традициите, а јасно е што е тоа заеднички фундамент на Европа. Мојот допис до сите е доставен, од таа страна не би го читал сега, но оној квалификатив дека седницата била итна, по мене веќе и не постои, бидејки толку денови поминаа од почнувањето на таа седница. Јас би сакал овој период до Велигден да не го користиме за пленарни седници, туку да го користиме за комисиско работење. Како што гледам доставен е и материјал за 38-та седница со околу 30-тина точки и веријатно со фундаментални акти, односно со предлози од фундаментално значење така да ние би можеле една цела недела да се покажеме и исцрпно да работиме еднаш и на комисиите до доцна навечер, а не само на пленарна седница да сме упорни до 23 часот ноќта и т.н. Јас би сакал за мојот предлог да се гласа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На шестото продолжение на 35-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април оваа година, Републичкиот парламент расправаше по точката - Интерпелација на работата на членот на Владата на Република Македонија и министер

за односи со странство.

На крајот од расправата Републичкиот парламент го прифати предложениот заклучок, содржан во Извештајот на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство дека не постои основа за покренување на прашањето за утврдување на одговорноста на министерот за односи со странство Денко Малески и дека интерпелацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се отфрла.

Во рамките на расправата по оваа точка, сакам да ги цитирам следните излагања од предходната седница. Господинот Ханџиски од името на пратеничката група на СДСН изрази целосна подршка и посака и понатаму успешно да се приведе кон крај се она што е досега започнато во поглед на меѓународното признавање на Македонија.

Од истата пратеничка група господинот Бранко Црвенковски во своето излагање по истата точка укажа дека и Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство му дала целосна подршка на министерот за односи со странство, и притоа се оценило дека начинот на кој што се води таа политика е во согласност со глобалната политика што е утврди овој Републички парламент.

Господинот Црвенковски исто така истакна дека начинот на водењето на надворешната политика низ процесот за меѓународното признавање на Република Македонија е всушност, политика на Социјал демократскиот сојуз. И господинот Тито Петковски, потпретседателот на Собранието, исто така член на оваа пратеничка група, во своето излагање по оваа точка на дневниот ред го кажа следното: Ако се остави натаму прашањето за одговорноста на министерот да се формира анкетна комисија, ако тој остане со хипотека ние нема да имаме респективен соговорник во сите овие контакти на Македонија со странските земји и околу

признавањето. Тој тогаш ќе биде оспоруван министер и кога ќе настапува со странските партнери ќе биде министер чија одговорност е потенцијално можна и кој можеби треба да поднесе оставка, или ќе одговара на една од наредните седници. Тој треба да настапува во меѓународните контакти без никаква хипотека.

Според тоа, контра продуктивно е за нас како Република, ако министерот за односи со странство настапува во меѓународните активности какао министер, а кој исто е под сомневање дека може да биде сменет на една од наредните седници.

Мислам дека чиниме штета, токму заради идејата за која што денес цел ден разговаравме за побрзо признавање на Македонија, завршен цитат, и т.н.

Впрочем, ние самите бевме свесни каков беше текот на расправата по интерпелацијата и каква услуга си направивме со истата. Затоа не случајно ги спомнав дискусиите на пратениците од пратеничката група на СДСН. Денеска кога ја продолжуваме 37-та, седница започната на 14 април 1992 година, на која што треба да расправаме по предлогот на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз за донесување одлука за распишување избори за пратеници на Собранието и за претседател, меѓу другото во образложението на предлогот на пратеничката група на СДСН се вели следното: сегашниот состав на Собранието е избран според уставни решенија кој денес воопшто не одговараат на уставно дефинираниот модел на општество, со што и нивниот легитимитет и легалитет, најблаго речено може да се доведе под сомневање.

Понатаму со новиот Устав на Републиката Собранието и Владата добија сосема нови овластувања и во практиката се присутни одделни дилеми на нивниот легитимитет за извршување на нивните уставни овластувања.

Во уводното излагање на пратеникот Бранко Црвенковски

по предлогот за распишување на нови избори за пратеници и претседател на Влада, се спомна дека Владата е ничија, неодговорна, неекспедитивна, неажурна, не ги почитува обврските што и се за давање од Парламентот и т.н. Излагањето на пратениците од СДСМ и образложението како посебна точка треба да расправаме денес, го спомнав за да укажам на нелогичноста и контрадикторноста, прво од една страна за одбраната на министерот за односи со странство и второ, денес укажувањата за нелегитимноста на институциите на власта, па и на Владата, чии што член тој министер за односи со странство е.

Денес на покана од претседавачот на Министерскиот совет на Европската заедница португалскиот министер за надворешни работи господинот Жао Пињеиро, министерто за односи со странство господинот Денко Малески, во текот на денешниот и утрешниот ден, престојувајќи во Лисабон, треба да ги продолжи разговорите во врска со признавањето на Република Македонија, од страна на Европската заедница во заеднички или одделни преговори со грчкиот премиер и шеф на грчката дипломатија господинот Константин Мицотакис.

И додека очите на сета јавност се свртени во Лисабон, па и на ова Собрание и наредното заседание на Министерскиот совет на Европската заедница на 1 и 2 мај о.г., сите очекувајќи го текот на преговорите и резултатите од него, ние во овој Парламент на истиот ден, само на наш својствен начин, ќе расправаме за распишување на нови парламентарни избори со образложение за нелегитимноста и нелегалноста и на Парламентот и на Владата, и на претседателот на Републиката.

Во петокот на 17 април со почеток во 10,30 часот кај претседателот на Собранието се одржа заеднички договорен состанок со претставници на парламентарните групи и независните пратеници, околу одржувањето на оваа точка и продолжувањето и

текот на оваа Триесет и седма седница, преговорите, најблаго речено завршија безуспешно, секој останувајќи на својата позиција.

Ја користам оваа прилика да го кажам меѓу другото и следното:

Предлагам, без никакво образложение, без претрес со просто преминување на наредна точка од дневниот ред, токму тргнувајќи од позицијата на остварувањето на државните интереси на Република Македонија, претставник на предлагачот, ако е потребно и со мала пауза заради дополнителни консултации меѓу пратениците од Пратеничката група да го повлечат предлогот, за да обезбедиме поцврсти преговарачки позиции на министерот за односи со странство на Република Македонија господинот Денко Малески во Лисабон и со претседавачот на Министерскиот совет на Европската заедница господинот Жоал Пењеиро и со премиерот на Република Грција, доколку до таа средба дојде, господинот Константин Мицотакис, а парламентарните групи и пратениците не ги продолжат преговорите за постигнување политички консензус, како што тоа и самиот претставник го кажа, околу одржување на наредните избори. На тој начин во интерес на државата, ослободувајќи се од теснопартиските интереси и непотребните оспорувања, меѓусебни напаѓања во кои што би се претворила оваа седница, доколку се отвори расправа, ќе потврдиме дека навистина како Парламент му мислиме добро и на овој народ и на оваа држава и дека сме за доброто на Македонија.

Барам претседателот тоа да го стави на гласање веднаш. Доколку предлагачот не го прифати, сакам да го известам и претседателот дека го задржувам правото, евентуално да го кажам моето мислење за законитоста, уставноста и согласноста на предлогот со одредбите на Деловникот во текот на расправата, ако воопшто до неа и дојде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас очекував господинот Петров да зборува во врска со Предлогот на господинот Бошков. Ние имаме претходен предлог за кој господинот Бошков сакаше да се изјасни Собранието. Неговиот предлог, колку што го сфатив, да ја прекинеме седницата и да не работиме до 28. Да немаме седница на Собранието до 28, туку да работат само комисиите, од причини кои тој ги наведе, заради обновување на традициите и верските убедувања.

Го ставам на гласање предлогот на господинот Бошков.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Може да се сфати како процедурална забелешка и тогаш нема проблеми што ми се дава збор. Меѓутоа, една работа треба да се сфати во овој Парламент и сите што се пратеници во овој Парламент и вработени во овој Парламент, а тоа е дека овој Парламент не може да има повластена улога и ситуација и статус во однос на било која работна организација во оваа Република. Не може Парламентот заради причините што ги наведе господинот Бошков да си дозволи на себе недела дена да не работи, а сите работни луѓе во оваа Република да работат и да бидат на своите работни места. Овој Парламент може да биде само пример за нешто друго, а тоа е за некој вонреден ангажман. Никој не ни дава право да си обезбедуваме за себе повластен статус во однос на сите работни луѓе во оваа Република. Молам, ова да се има предвид и при изјаснувањето и при давањето на овој предлог.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дали некој не сака да признае порас, или едноставно закоравени сме премногу во ништењето на македонските традиции. Јас едноставно не предлагав Парламентот да ужива некаква повластица по однос на работата. Сите работници одат во текот на

светата недела од Цветници до Велигден уредно на работните места, само парламентарците нема да одат. Предлогот го добивте и во писмена форма. Јас се изјаснувам децидно за работата и тоа за упорна работа. Ако го погледнете Предлогот за дневен ред за следната Триесет и осма седница, таму има околу 30 и нешто точки од кои многу едноставно за нас ќе бидат долги во расправата, дали ќе биде Законот за локална самоуправа, дали ќе биде Законот за државјанство, дали ќе биде Законот за лични карти и за многу други работи, се се тоа теми кои можат да покријат денови. Барајќи да се одбегне една долгометражна пленарна седница, јас едноставно сугерирав и добар повод би било оваа недела ние да продолжиме да работиме длабочински и на комисиите и таму да ја завршуваме работата, а не сите работи да се претресуваат на Парламентот. Затоа мислам дека мојот предлог е сосема издржан и не се залага за некакво повластување на парламентарците во однос на другите граѓани во Републиката.

Од тој аспект мислам дека е на место околу овој ваш предлог за кој имам свој став и ќе ви го кажам кога ќе биде ред, сега да не се води расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа барањето на господинот Бошков ставено е на изјаснување и да ги соопштиме резултатите.

Педесет и пет пратеници гласаа за предлогот на господинот Бошков.

Кој е против (35).

Кој е воздржан (7)

Според тоа предлогот на господинот Бошков е прифатен.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитувани пратеници,

Ова е редовно барање. Бидејќи Владата работи нон-стоп, Владата ќе побара ако најде за сходно во текот на оваа недела вонредна седница на Парламентот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

За важноста на времето во кое што живееме, за сериозноста на проблемите со кои се соочуваме и од потребата за закажување на седници, претседателот на Владата требаше да даде своја забелешка пред гласањето. Така да оваа одлука многу ми е жал имало или немало потреба за вонредна седница, важи, е донесена од Парламентот, Владата мора да ја почитува Одлуката на Парламентот, до после Велигден. После тоа може да почнеме Бајрам, Рамазан итн, нема да имаме никаква седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата може да бара седница, а мене ме обврзува ова одлука на Парламентот.

(Седницата заврши во 12,50 часот)